# Bonding

## Зајакнување на меѓугенерациската солидарност и учење преку градење пријателства помеѓу младите и постарите лица

**БИЛТЕН #1**

**Септември 2022**

## СОДРЖИНА


СТРАНА 2
**За проектот**

СТРАНА 3
**Мапирање на сервисите за спријателување**

СТРАНА 7
**Проектен тим**





Ко-финансирано од Европска Унија

# Повеќе околу проектот

Проектот е финансиран во рамките на програмата Ерасмус+ и се спроведува во шест земји: Полска, Италија, Шпанија, Грција, С. Македонија и Кипар.

Целејќи кон развивање волонтерски сервиси за спријателување помеѓу младите и постарите лица, проектот укажува на потребата за зголемување на можностите за младинско активно вклучување во заедницата преку волонтирање.



# Мапирање на сервисите за спријателување

Ова е првиот резултат на проектот и опфаќа длабинско мапирање на добрите практики од сервисите за спријателување што се обезбедуваат од страна на младите низ Европа како и научените лекции.

Овие добри практики ќе служат како пример за младите, младинските и другите организации кои обезбедуваат волонтерски услуги за млади, за тоа како тие би можеле да воспостават и да водат сервиси за спријателување кои ќе бидат корисни за старите лица и за другите ранливи групи во заедницата.

Како дополнителна вредност, овие истражувачки наоди, кои ги анализираат и презентираат резултатите од истражувањата на сервисите за спријателување што ги обезбедуваат младите во Европа, тие ќе бидат од клучно значење во развивањето на онлајн курсот BONDING.

Секој од партнерите во проектот спроведе прелиминарно истражување и за јавната свест и знаењето околу сервисите за спријателување и нивната пристапност, како и за ставовите на младите кон волонтерството и начинот на кој постарите луѓе ја перципираат оваа форма на поддршка. Наодите од извештаите открија значајни разлики помеѓу партнерските државите.

Од податоците собрани во Кипар и Грција, може да се увиде дека испитаниците немале претходно знаење за вакви сервиси за спријателување или каква било слична форма на волонтирање, ниту пак можеле да најдат места каде се спроведуваат вакви иницијативи. И покрај ова, и двете целни групи сметаа дека идејата за сервиси за спријателување е интересна а воедно и иновативна, неопходна и од голема корист и за младите и за постарите. Тие исто така изразија подготвеност да учествуваат во проектот BONDING. Покрај тоа, во Грција, учесниците го истакнаа генерацискиот јаз и практичните прашања како што е недостатокот на дигитални вештини кај постари луѓе, што го попречува нивното учество доколку услугите за спријателување се оддржуваат онлајн. Истражувањето во Грција, исто така, покажа дека систематското обезбедување и спроведување соодветно финансирање на услуги за социјална инклузија и поддршка за постарите луѓе е од клучно значење.





Во другите партнерски држави, сервисите за спријателување или сличните активности за меѓу генерациска солидарност во главно им се познати на испитаниците, но во секој случај и покрај делумната запознаеност, сè уште постои голема потреба да се зголеми интересот за оваа тема.

Во Македонија, сите учесници се запознаени со сервиси за спријателување, воспоставени во државата или во другите Европски земји. Некои од учесниците лично имаат учествувано во вакви сервиси и ги потенцираа придобивките од ваквото учество. Постарите лица кои учестуваа во истражувањето се изјаснија дека уживаат во друштво на млади волонтери, но покажаа и интерес да бидат дел од сервиси за спријателување. Младите, од друга страна, се согласија дека волонтерството е можност да се стекнат нови знаења, вештини и поголема вклученост во заедницата.

Во Полска, иако младите учесници имаа волонтерски искуства, тие сè уште немаа слушнато за сервиси за спријателување. За разлика од нив, постарите учесници во истражувањето споделија дека не учествувале во такви активности, но тројца од нив беа запознаени со ваков вид на поддршка. Сепак сите учесници беа согласни  дека генерално нема доволно сервиси за спријателување или информации за истите, особено во помалите провинции во земјата. Сите исто така сметаат дека ваквите услуги се од голема корист, но исто така се загрижени за финансискиот дел како и безбедноста.

Во Италија, учесниците исто така потврдија дека се запознени со сервисите за спријателување. Главните активности што ги спроведуваат младите волонтери за старите лица вклучуваат купување неопходни работи, нивна придружба на лекарски прегледи, спроведување уметнички или културни работилници и рекреативни активности.

Во Шпанија, податоците за веќе постоечките сервиси за спријателување покажуваат дека тие стануваат се попопуларни што веројатно се должи на здравствената криза поврзана со Ковид-19, која придонесе за влошување на осаменоста и изолацијата кај многу луѓе со помалку можности. Предложените добри практики нагласуваат дека сервисите за спријателување може да се применат само со активно учество на волонтери, што исто така ги прави економски и временски одржливи. Не станува збор само за посветување време на луѓето кои се чуствуваат осамено, туку пред сè за инвестирање во благосостојбата на нивното соседство, создавајќи мрежа од која имаат корист сите нејзини членови во форма на учење и взаемна поддршка.

Од добиените податоци и спроведеното истражување може да се заклучи дека сервисите за спријателување меѓу постари лица и млади волонтери имаат голем потенцијал. Со соодветно, зголемување на запознаеноста и охрабрување на одредени целни групи, како и зголемување на свеста за проблемот на осаменоста и за постоењето на овој вид сервиси за поддршка, сервисите за спријателување може успешно да се воведат во овој контекст.

#Befriending

# Bonding

## Проектен тим

PCG POLSKA
A PUBLIC CONSULTING GROUP COMPANY

KMOP
KINDLING A BETTER WORLD

KMOP
SKOPJE

CARDET

FUNDACIÓN INTRAS

ANS
Anziani e non solo
società cooperativa sociale

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

Заследете ја нашата Facebook страница!